# МИСЛЕЊЕ[1]

Во периодот по распишување на избори договорните органи, покрај Законот и прописите за јавните набавки, треба да ги почитуваат и одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборниот процес, не може да се започне со изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.

Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Државната комисија за спречување корупција, Државниот завод за ревизија, Комисијата за заштита на конкуренција и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се согласни дека, од аспект на јавните набавки, ограничувања во текот на изборниот период се однесуваат само на јавни набавки кои се опфатени со горенаведените одредби односно започнување на изградба на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен кога има состојби кога се загрозува безбедноста и здравјето на граѓаните и нормално делување на правните субјекти.

Активности (на пр. измена на Годишен план за јавни набавки) поврзани со јавни набавки кои не се опфатени во горенаведените одредби може непречено да се реализираат, на начин и услови кои се утврдени со прописите, независно од изборниот процес.

[1] Усогласен став меѓу Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Државната комисија за спречување корупција, Државниот завод за ревизија, Комисијата за заштита на конкуренција и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини